**Известување законцентрација помеѓу СОКОТЕРА ДООЕЛ Битола и Друштво за земјоделско производство ДУШАН ЌИРИЌ ДООЕЛ Росоман (предмет бр. 08-105/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.07.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Друштвото за одгледување, пост бербени активности, откуп и трговија на лешник СОКОТЕРА ДООЕЛ Битола, друштво со ограничена одговорност со седиште на ул. А бр.1, с. Драгожани, 7000 Битола, Република Северна Македонија ќе стекне контрола над, над Друштво за земјоделско производство ДУШАН ЌИРИЌ ДООЕЛ Росоман, друштво со ограничена одговорност со седиште на ул. Грачанско бр. 2, Росоман, Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Друштвото за одгледување, пост бербени активности, откуп и трговија на лешник СОКОТЕРА ДООЕЛ Битола**, врши дејност на одгледување, производство и трговија на големо на лешници

**Друштво за земјоделско производство ДУШАН ЌИРИЌ ДООЕЛ Росоман**, врши дејност на одгледување, производство и трговија на големо со коскесто овошје (главно праски) и одредени житни и раноградинарски култури.

За целите на оценка на предметната концентрација, според подносителот на известувањето Друштвото за одгледување, пост бербени активности, откуп и трговија на лешник СОКОТЕРА ДООЕЛ Битола, делува на релевантниот пазар на одгледување, производство и трговија на големо на лешници, додека Друштво за земјоделско производство ДУШАН ЌИРИЌ ДООЕЛ Росоман, е присутен на пазарот на одгледување, производство и трговија на големо со коскесто овошје (главно праски) и одредени житни и раноградинарски култури.

Според подносителот на известувањето релевантен географски пазар е кој што се однесува концентрацијата е пазарот на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.08.2022 година
Скопје